Македонски Телеком АД - Скопје
Орце Николов бб, 1000 Скопје

Македонски Телеком
АД за електронски комуникации - Скопје
Број 01 - 187675/1
Датум 30-04-2010

До: Комисија за хартии од вредност на РМ
ул. Димитрија Чуповски бр. 26, 1000 Скопје

Датум: 30.04.2010 година

Предмет: Финансиски извештаи за првото тримесечје од 2010 година

0 999490 500001

Почитувани,

Во согласност со членовите 157, 160 и 164 од Законот за хартии од вредност, како и подзаконската регулатива, во прилог Ви ги доставуваме финансиските извештаи за првото тримесечје од 2010 година кои го содржат следново:

1. Консолидираниот и неконсолидираниот неревидиран биланс на успех и анализа на консолидираната и неконсолидираната оперативна добивка изготвени според Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ) ;
2. Образложение за работењето на Македонски Телеком АД - Скопје (МКТ) за периодот од 01.01.2010 до 31.03.2010 (истото се однесува на консолидираниот неревидиран биланс на успех);
3. Изјава за вистинитост на истите.

Во согласност со подзаконската регулатива, МКТ електронски ќе ги достави горенаведените извештаи преку соодветниот модул на веб страната на Комисијата за хартии од вредност, со исклучок на неконсолидираниот неревидиран биланс на успех и анализата на неконсолидираната оперативна добивка заради техничката можност и структура на самиот модул.

Со почит,

Македонски Телеком
АД за електронски комуникации - Скопје

Жарко Луковски
Претседател на Одбор на директори

Николај Бекерс
Главен извршен директор

Лектура Лингва Експерт

Македонски Телеком АД - Скопје
Адреса Орце Николов бб, 1000 Скопје, Р. Македонија
Контакт Телефон: +389 2 3100 200 ; Факс: +389 2 3100 300; Контакт центар 171
e-mail: kontakt@telekom.mk; www.telekom.mk
ЕМБС 5168660

Македонски Телеком АД Скопје
Орце Николов бб, 1000 Скопје

Македонски Телеком
АД за електронски комуникации - Скопје
Број 01 - 187675
Датум 30-04-2010

До: Комисија за хартии од вредност на РМ
ул. Димитрија Чуповски бр. 26, 1000 Скопје

Датум: 30.04.2010 година

Предмет: Образложение за работењето на Македонски Телеком АД - Скопје за периодот од 01.01.2010 до 30.03.2010 година

Подолу дадената анализа се однесува на консолидираниот биланс на успех на Групацијата Македонски Телеком, која ги вклучува Македонски Телеком АД - Скопје, Т-Мобиле Македонија АД - Скопје и фондацијата е-Македонија - Скопје.

Во текот на првиот квартал од 2010 година, приходите на ниво на групација остануваат на стабилно ниво, при што се бележи благ пад.

Ова главно се должи на падот на приходите од фиксни телекомуникациски услуги споредено со истиот период минатата година комбинирано со порастот на приходите од мобилната телефонија. Интернет приходите и понатаму бележат континуиран пораст, како резултат на продолжување на трендот на пораст на бројот на АДСЛ интернет претплатници. Освен тоа, Македонски Телеком АД - Скопје бележи приход кој е остварен од продажба на новата услуга за дигитална телевизија преку интернет протокол ("IPTV"). Приходите од VPN во фиксните телекомуникациски услуги исто така бележат пораст. Приходот од продажба на странскиот пазар е зголемен како резултат на зголемениот дојдовен меѓународен сообраќај.

Движењето на страната на трошоците поврзани со вработените е резултат на благото зголемување на просечната плата на ниво на групација. Резервирањата за трошоци и ризици бележат пораст поради зголемените неопходни резервирања во тековниот период. Намалувањето на приходот од вложувања, заеми, камати и курсни разлики е резултат на намалениот приход од камати добиени од пласираните депозити во банките заради надолното движење на каматните стапки.

*На 13 февруари 2006 година, Magyar Telekom Plc., доминантниот сопственик на Друштвото, (преку Каменимост Комуникации АД - Скопје (во ликвидација), мнозински сопственик на Друштвото), објави дека е вршена истрага на одредени договори склучени од друга подружница на Magyar Telekom Plc., со цел да се утврди дали договорите биле склучени во спротивност на политиките на Magyar Telekom Plc.или важечките закони или регулативи. Одборот за ревизија на Magyar Telekom го ангажира White & Case како свој независен правен советник за целите на спроведувањето на интерната истрага. Последователно на ова, на 19 февруари 2007 година, Одборот на директори на Друштвото, врз основа на препораката на Одборот за ревизија на Друштвото и Одборот за ревизија на Magyar Telekom Plc. донесе одлука за спроведување на независна интерна истрага во однос на одредени договори во Македонија.*

*Дополнителни информации во врска со интерната истрага се содржани во финансиските извештаи на Друштвото за годината што завршува на 31 декември 2008 година.*

*Според информациите што му беа доставени на друштвото од страна на Magyar Telekom Plc. на 2 декември 2009 година, Одборот за ревизија на Magyar Telekom Plc., на Одоборот на директори на Magyar Telekom му достави „Извештај за Истрага до Одборот за ревизија на Magyar Telekom Plc." од 30 ноември 2009 година (во понатамошниот текст „Финален Извештај"). Одборот за ревизија посочи дека истиот смета дека, со подготовката на Финалниот извештај, врз основа на фактите достапни во моментот, White & Case ја заврши својата независна интерна истрага.*

*Според информациите доставени до Друштвото од страна на Magyar Telekom Plc., Финалниот Извештај ги вклучува следните наоди и заклучоци поврзани со македонските подружници на Magyar Telekom, врз основа на доказите што му беа достапни на Одборот за ревизија на Magyar Telekom Plc. и неговиот правен советник:*


Македонски Телеком АД Скопје
Адреса Орце Николов бб, 1000 Скопје, Р. Македонија
Контакт Телефон: +389 2 3100 200 ; Факс: +389 2 3100 300; Контакт центар 171
e-mail: kontakt@telekom.mk; www.telekom.mk
ЕМБС 5168660

- *Како што беше претходно објавено, постојат докази дека одредени поранешни вработени намерно уништиле документи поврзани со активностите преземени во Македонија од страна на Magyar Telekom Plc. и неговите подружници.*

- *Во периодот помеѓу 2000 и 2006 година, мала група на поранешни членови на извршниот менаџмент на Magyar Telekom и македонските подружници на Magyar Telekom одобриле издатоци од приближно ЕУР 24 милиони , преку повеќе од 20 сомнителни договори за консултантки услуги, за лобирање и други договори (вклучувајќи и одредени договори помеѓу Magyar Telekom и неговите подружници од една страна и подружници на консултантска компанија со седиште во Кипар од друга страна). Финалниот извештај заклучува дека "достапните докази не утврдуваат дека договорите според кои се направени овие издатоци биле легитимни".*

- *Доказите покажуваат дека, спротивно на нивните услови, одреден број од овие договори биле склучени за да се стекнат конкретни регулаторни и други придобивки од Владата на Македонија. Друштвата генерално ги добиле бараните придобивки и потоа направиле издатоци врз основа на еден или повеќе од сомнителните договори. Постојат докази дека останатите договори биле исто така нелегитимни и креирале фонд на средства коишто биле достапни за други цели, а не за оние што биле утврдени во делокругот на договорите." Меѓутоа, правниот советник на Одборот за ревизија на Magyar Telekom немал пристап до доказите коишто би му овозможиле да ги идентификува крајните корисници на овие издатоци.*

- *При склучувањето на овие договори и одобрувањето на издатоците според истите, поранешните членови на извршниот менаџмент свесно предизвикале, структурирале или одобриле трансакции коишто претежно или целосно ги имале следниве заеднички карактеристики:*

    - *намерно заобиколување на внатрешните контроли;*

    - *лажни и што наведуваат на погрешни заклучоци корпоративни документи и записи;*

    - *недостаток на длабинска анализа и на следење на извршувањето на работата на изведувачите и застапниците во околности со висок ризик за корупција; недостаток на докази за извршувањето на работата; и*

    - *издатоци коишто не биле за целите наведени во договорите според коишто истите биле направени, туку биле наменети за добивање на користи за подружниците на Magyar Telekom коишто би можеле да бидат доделени само со посредство на Владата.*

- *Во Финалниот извештај е наведено дека „Истрагата не откри докази коишто укажуваат дека кои било македонски владини претставници или претставници на политичка партија примиле плаќања."*

*Како што беше објавено претходно, Magyar Telekom презеде корективни чекори со цел да ги реши прашањата претходно идентификувани со независната истрага, вклучувајќи и чекори наменети за ревидирање и подобрување на внатрешните контроли на Групацијата Magyar Telekom. Според информациите доставени до Друштвото од страна на Magyar Telekom, Одборот за ревизија на Magyar Telekom нема дадено препораки во однос на програмата за усогласеност или внатрешните контроли на Magyar Telekom во врска со издавањето на Финалниот извештај и Magyar Telekom, во консултација со својот Одбор за ревизија, разгледува дали и до кој степен Финалниот извештај ќе предизвика дополнителни корективни дејствија, вклучувајќи и какви било дејствија во однос на вработените и/или промени на политиките и процедурите за внатрешна контрола во Маѓар Телеком или неговите подружници коишто биле или ќе бидат имплементирани со цел да се постапи со наодите од Финалниот извештај.*

*Во врска со издавањето на Финалниот извештај и информациите доставени до Друштвото од страна на Маѓар Телеком, во јануари 2010 година Претседателот на Одборот на директори на Друштвото побара правна и даночна експертиза од трета страна за проценка на потенцијалните сметководствени и даночни импликации што произлегуваат од трансакциите извршени од Друштвото и неговата подружница кои се предмет на Финалниот извештај.*

*Надворешните експерти изготвија извештаи (во понатамошниот текст: „Извештаите") за нивната проценка и ги доставија Извештаите до Претседателот на Одборот на директори на Друштвото и до Менаџментот на*


Македонски Телеком АД - Скопје
Адреса Орце Николов 6б, 1000 Скопје, Р. Македонија
Контакт Телефон: +389 2 3100 200 ; Факс: +389 2 3100 300; Контакт центар 171
e-mail: kontakt@telekom.mk; www.telekom.mk
ЕМБС 5168660

*Друштвото и неговата подружница, соодветно. Како резултат, врз основа на анализата на даночните и правните експерти и информациите што му беа достапни на Менаџментот во врска со трансакциите предмет на Финалниот извештај, беше идентификуван износ од МКД 248.379 илјади како потенцијално даночно влијание (заедно со поврзаната казнена камата) што произлегува од трансакциите спроведени од страна на Друштвото и неговата подружница коишто се предмет на Финалниот извештај (види белешка 1.2.2). Исто така, вредноста на еден договор од МКД 105.147 илјади капитализирана во рамките на сопствените акции е корегирана како да овие плаќања биле прикажани како трошок во 2006 година отколку како капитализирани во рамките на сопствените акции како што беа првично известени. Другите договори што се идентификувани во Финалниот извештај и извештаите изготвени од даночните и правните експерти во врска со трансакциите извршени од страна на Друштвото и неговата подружница биле прикажани како трошок во поврзаните периоди (2001-2007 година), за кои не е потребно повторно прикажување.*

*Во мај 2008 година, Министерството за внатрешни работи (МВР) на Република Македонија („РМ") до Друштвото поднесе официјално писмено барање за информации и документација во однос на одредени плаќања за консултантски услуги и авансна дивиденда, како и одредени набавки и договори. Во јуни 2008 година, Друштвото достави копии од побараните документи. Во истиот период, Т-Мобиле Македонија исто така доби слични барања за доставување на одредена документација до Министерството за внатрешни работи на РМ којшто беше уредно доставена.*

*Во октомври 2008 година, Истражниот судија од Основниот суд Скопје 1 – Скопје (кривичен суд) му издаде официјален писмен налог на Друштвото да предаде одредена оригинална документација. Подоцна, во октомври 2008 година, Друштвото официјално и лично ја предаде побараната документација. Од МВР беа доставени дополнителни писмени барања, при што Друштвото ја обезбеди побараната документација.*

*Врз основа на јавни информации достапни од 10 декември 2008 година имаме сознанија дека Оделот за Организиран Криминал при МВР ги предал досиеата на канцеларијата на Основното јавно обвинителство за организиран криминал и корупција со предлог да се покрене кривична постапка против Attila Szendrei (поранешен Главен извршен директор на Македонски Телеком АД - Скопје), Rolf Plath (поранешен Главен финансов директор на Македонски Телеком АД - Скопје), Mihail Kefaloyannis (поранешен член на Одборот на директори во Каменимост и поранешен член на одборот на директори во Телемакедонија) и Zoltan Kisjuhász (поранешен Главен извршен директор на Каменимост и поранешен неизвршен член на Одборот на директори на Македонски Телеком АД - Скопје) поради основано сомнение за извршено кривично дело. За овие лица се предлага да бидат обвинети за „злоупотреба на службена должност и овластувања" на нивните позиции во Македонски Телеком АД - Скопје преку склучување на договори за консултантски услуги во однос на коишто немало намера ниту пак потреба од какви било услуги за возврат.*

*Основниот суд Скопје 1 во Скопје, Истражен оддел за организиран криминал достави покана до Друштвото во врска со кривичните пријави против претходно наведените лица и побара изјава дали Друштвото претрпело какви било штети како резултат на наведените договори за консултантски услуги.*

*По неколку одложувања на судското рочиште за истражната постапка што се води при Основниот Суд Скопје 1 Скопје, на рочиштето одржано на 13 април 2009 година, претставниците на Македонски Телеком АД – Скопје го презентираа ставот на Друштвото дека земајќи ја предвид тековната независна интерна истрага спроведувана од страна на White&Case, а одобрена од страна на Одборот на директори на Друштвото, прерано е да се најави каква било штета којашто би можела да биде причинета со спроведувањето на наведените договори или во врска со нив. По завршувањето на независната интерна истрага, Друштвото ќе го извести судот за својот конечен став во однос на евентуалната штета и кривичното гонење на обвинетите лица. На ден 09.04.2010 година, МКТ доби известување од страна на Бирото за судски вештачења, дека врз основа на Наредба на Основниот суд Скопје 1, определено е Бирото да изврши вештачење по предметот КИОК бр.66/08. Вештачењето беше планирано да се изврши на ден 16.04.2010 година.По барање на Адвокатот на г-дин Kefaloyannis, вештачењето е одложено за 11ти Мај, 2010 година.*

*Претседателот на Одборот на директори на Друштвото и Менаџментот на Друштвото добија информација дека содржината на Финалниот извештај му била ставена на располагање и на македонското Јавно обвинителство. Менаџментот на Друштвото не може да предвиди дали македонското Јавно обвинителство ќе покрене каква било правна постапка ниту пак може да го предвиди видот и делокругот на правните дејствија врз основа на информациите содржани во Финалниот извештај.*



Македонски Телеком АД - Скопје
Адреса Орце Николов 6б, 1000 Скопје, Р. Македонија
Контакт Телефон: +389 2 3100 200 ; Факс: +389 2 3100 300; Контакт центар 171
e-mail: kontakt@telekom.mk; www.telekom.mk
ЕМБС 5168660

Македонски Телеком АД Скопје
Орце Николов бб, 1000 Скопје

*Немаме сознанија за било какви информации како резултат на барања од било кое регулаторно тело или други надворешни страни, од кои би можеле да заклучиме дека финансиските извештаи може да бидат неточни, вклучувајќи го и ефектот од можни незаконски дејства.*

**Николај Бекерс**
**Главен извршен директор**

Македонски Телеком
АД за електронски комуникации - Скопје

Лекторирано од Лингва Експерт



Македонски Телеком АД - Скопје
Адреса Орце Николов бб, 1000 Скопје, Р. Македонија
Контакт Телефон: +389 2 3100 200 ; Факс: +389 2 3100 300; Контакт центар 171
e-mail: kontakt@telekom.mk; www.telekom.mk
ЕМБС 5168660

## КОНСОЛИДИРАН БИЛАНС НА УСПЕХ СПОРЕД МСФИ (Б) (ПО ПРИРОДА НА ТРОШОЦИ)

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Друштво** | Македонски Телеком АД Скопје | | |
| **Период на известување** | Прво тримесечје од 2010 година | **Матичен број** | 5168660 |

**(во илјади денари)**

| Р.Б. | Позиција | Претходна година | | Тековна година | | Индекси | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | кумулативно од почетокот на годината | тековно тромесечие | кумулативно од почетокот на годината | тековно тромесечие | во однос на претходна година | во однос на претходно тромесечие |
| 1 | ОПЕРАТИВНИ ПРИХОДИ | 4.441.849 | 4.441.849 | 4.257.841 | 4.257.841 | 96 | 96 |
| 2 | Приходи од продажба | 4.294.541 | 4.294.541 | 4.105.947 | 4.105.947 | 96 | 96 |
| 2а | Приходи од продажба на домашен пазар | 4.013.081 | 4.013.081 | 3.796.987 | 3.796.987 | 95 | 95 |
| 2б | Приходи од продажба на странски пазар | 281.460 | 281.460 | 308.960 | 308.960 | 110 | 110 |
| 3 | Промени на залихите на готови производи и производството во тек | - | - | - | - | - | - |
| 4 | Останати оперативни приходи | 147.308 | 147.308 | 151.894 | 151.894 | 103 | 103 |
| 5 | ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ | (2.734.814) | (2.734.814) | (2.892.436) | (2.892.436) | 106 | 106 |
| 6 | Набавна вредност на трговски стоки | (403.184) | (403.184) | (398.332) | (398.332) | 99 | 99 |
| 7 | Потрошени материјали. ситен инвентар и услуги | (1.145.954) | (1.145.954) | (1.150.826) | (1.150.826) | 100 | 100 |
| 7а | Потрошени материјали и ситен инвентар | (26.150) | (26.150) | (20.235) | (20.235) | 77 | 77 |
| 7б | Услуги | (1.119.804) | (1.119.804) | (1.130.591) | (1.130.591) | 101 | 101 |
| 8 | Промени на залихите на готови производи и производството во тек | - | - | - | - | - | - |
| 9 | Трошоци за вработените | (378.319) | (378.319) | (388.886) | (388.886) | 103 | 103 |
| 10 | Амортизација. оштетување на средства и резервирања | (734.211) | (734.211) | (884.254) | (884.254) | 120 | 120 |
| 10а | Амортизација | (733.688) | (733.688) | (742.290) | (742.290) | 101 | 101 |
| 10б | Нето загуби поради оштетување на средства | (231) | (231) | (3.638) | (3.638) | 1,575 | 1,575 |
| 10в | Резервирања за трошоци и ризици | (292) | (292) | (138.326) | (138.326) | 47,372 | 47,372 |
| 11 | Останати оперативни расходи | (73.146) | (73.146) | (70.138) | (70.138) | 96 | 96 |
| 12 | ОПЕРАТИВНА ДОБИВКА / ЗАГУБА | 1.707.035 | 1.707.035 | 1.365.405 | 1.365.405 | 80 | 80 |
| 13 | Финансиски приходи | 8 | 8 | - | - | - | - |
| 14 | Приходи од вложувања. заеми и камати и курсни разлики | 137.442 | 137.442 | 105.363 | 105.363 | 77 | 77 |
| 15 | Останати приходи од финансирање | - | - | - | - | - | - |
| 16 | Финансиски расходи | (20) | (20) | (47) | (47) | 235 | 235 |
| 17 | Расходи по основ на камати. курсни разлики и слични расходи | (4.916) | (4.916) | (5.353) | (5.353) | 109 | 109 |
| 18 | Останати расходи од финансирање | - | - | - | - | - | - |
| 19 | **Добивка/ загуба од редовно работење пред оданочување** | **1.839.549** | **1.839.549** | **1.465.368** | **1.465.368** | 80 | 80 |
| 20 | Данок од добивка | (8.462) | (8.462) | (18.806) | (18.806) | 222 | 222 |
| 21 | **Нето добивка/загуба по оданочување** | **1.831.087** | **1.831.087** | **1.446.562** | **1.446.562** | 79 | 79 |
| 22 | Малцински интерес | - | - | - | - | - | - |
| 23 | **Нето добивка/загуба за финансиската година** | **1.831.087** | **1.831.087** | **1.446.562** | **1.446.562** | 79 | 79 |

Николај Бекерс
**Главен извршен директор**

Македонски Телеком
АД за електронски комуникации - Скопје



Македонски Телеком АД - Скопје
Адреса Орце Николов 6б, 1000 Скопје, Р. Македонија
Контакт Телефон: +389 2 3100 200 ; Факс: +389 2 3100 300; Контакт центар 171
e-mail: kontakt@telekom.mk; www.telekom.mk
ЕМБС 5168660

## АНАЛИЗА НА КОНСОЛИДИРАНАТА ОПЕРАТИВНА ДОБИВКА/ЗАГУБА ПО ПРИРОДАТА НА ТРОШОЦИТЕ СПОРЕД МСФИ

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Друштво** | Македонски Телеком АД Скопје | | |
| **Период на известување** | Прво тримесечје од 2010 година | **Матичен број** | 5168660 |

**(во илјади денари)**

| Р.Б. | Позиција | Претходна година | | Тековна година | | Индекси | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | кумулативно од почетокот на годината | тековно тромесечие | кумулативно од почетокот на годината | тековно тромесечие | во однос на претходна година | во однос на претходно тромесечие |
| 1 | Приходи од продажба | 4.294.541 | 4.294.541 | 4.105.947 | 4.105.947 | 96 | 96 |
| 2 | Останати оперативни приходи | 147.308 | 147.308 | 151.894 | 151.894 | 103 | 103 |
| 3 | Набавна вредност на продадените стоки и услуги | (403.184) | (403.184) | (398.332) | (398.332) | 99 | 99 |
| 4 | Промени на залихите на готови производи и производството во тек | - | - | - | - | - | - |
| 5 | Потрошени суровини, материјали и ситен инвентар | (26.150) | (26.150) | (20.235) | (20.235) | 77 | 77 |
| 6 | Исправка на вредноста | (51.252) | (51.252) | (32.073) | (32.073) | 63 | 63 |
| 7 | Трошоци за вработените | (378.319) | (378.319) | (388.886) | (388.886) | 103 | 103 |
| 8 | Трошоци за продажба | (806.084) | (806.084) | (964.864) | (964.864) | 120 | 120 |
| 9 | Трошоци за услуги од други | (1.047.700) | (1.047.700) | (1.046.343) | (1.046.343) | 100 | 100 |
| 10 | Останати оперативни расходи | (22.125) | (22.125) | (41.703) | (41.703) | 188 | 188 |
| 11 | ОПЕРАТИВНА ДОБИВКА / ЗАГУБА | 1.707.035 | 1.707.035 | 1.365.405 | 1.365.405 | 80 | 80 |

Македонски Телеком АД за електронски комуникации - Скопје

**Николај Бекерс**

**Главен извршен директор**



Македонски Телеком АД - Скопје
Адреса Орце Николов бб, 1000 Скопје, Р. Македонија
Контакт Телефон: +389 2 3100 200 ; Факс: +389 2 3100 300; Контакт центар 171
e-mail: kontakt@telekom.mk; www.telekom.mk
ЕМБС 5168660

## НЕКОНСОЛИДИРАН БИЛАНС НА УСПЕХ СПОРЕД МСФИ (Б) (ПО ПРИРОДА НА ТРОШОЦИ)

| | | | |
|---|---|---|---|
| Друштво | Македонски Телеком АД Скопје | | |
| Период на известување | Прво тримесечје од 2010 година | Матичен број | 5168660 |

(во илјади денари)

| Р.Б. | Позиција | Претходна година | | Тековна година | | Индекси | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | кумулативно од почетокот на годината | тековно тромесечие | кумулативно од почетокот на годината | тековно тромесечие | во однос на претходна година | во однос на претходно тромесечие |
| 1 | **ОПЕРАТИВНИ ПРИХОДИ** | **2.266.861** | **2.266.861** | **2.090.329** | **2.090.329** | 92 | 92 |
| 2 | Приходи од продажба | 2.193.398 | 2.193.398 | 1.976.820 | 1.976.820 | 90 | 90 |
| 2а | Приходи од продажба на домашен пазар | 1.995.751 | 1.995.751 | 1.754.479 | 1.754.479 | 88 | 88 |
| 2б | Приходи од продажба на странски пазар | 197.647 | 197.647 | 222.341 | 222.341 | 112 | 112 |
| 3 | Промени на залихите на готови производи и производството во тек | - | - | - | - | - | - |
| 4 | Останати оперативни приходи | 73.463 | 73.463 | 113.509 | 113.509 | 155 | 155 |
| 5 | **ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ** | **(1.611.669)** | **(1.611.669)** | **(1.562.214)** | **(1.562.214)** | 97 | 97 |
| 6 | Набавна вредност на трговски стоки | (113.975) | (113.975) | (102.573) | (102.573) | 90 | 90 |
| 7 | Потрошени материјали, ситен инвентар и услуги | (778.412) | (778.412) | (761.414) | (761.414) | 98 | 98 |
| 7а | Потрошени материјали и ситен инвентар | (15.947) | (15.947) | (12.220) | (12.220) | 77 | 77 |
| 7б | Услуги | (762.465) | (762.465) | (749.194) | (749.194) | 98 | 98 |
| 8 | Промени на залихите на готови производи и производството во тек | - | - | - | - | - | - |
| 9 | Трошоци за вработените | (255.035) | (255.035) | (261.094) | (261.094) | 102 | 102 |
| 10 | Амортизација, оштетување на средства и резервирања | (413.557) | (413.557) | (401.182) | (401.182) | 97 | 97 |
| 10а | Амортизација | (413.554) | (413.554) | (401.042) | (401.042) | 97 | 97 |
| 10б | Нето ѕагуби поради оштетување на средства | (3) | (3) | (140) | (140) | 4,667 | 4,667 |
| 10в | Резервирања за трошоци и ризици | - | - | - | - | - | - |
| 11 | Останати оперативни расходи | (50.690) | (50.690) | (35.951) | (35.951) | 71 | 71 |
| 12 | **ОПЕРАТИВНА ДОБИВКА / ЗАГУБА** | **655.192** | **655.192** | **528.115** | **528.115** | 81 | 81 |
| 13 | Финансиски приходи | 4.355.314 | 4.355.314 | - | - | - | - |
| 14 | Приходи од вложувања, заеми и камати и курсни разлики | 92.608 | 92.608 | 75.174 | 75.174 | 81 | 81 |
| 15 | Останати приходи од финансирање | - | - | - | - | - | - |
| 16 | Финансиски расходи | - | - | - | - | - | - |
| 17 | Расходи по основ на камати, курсни разлики и слични расходи | (4.916) | (4.916) | (5.353) | (5.353) | 109 | 109 |
| 18 | Останати расходи од финансирање | - | - | - | - | - | - |
| 19 | **Добивка/ загуба од редовно работење пред оданочување** | **5.098.198** | **5.098.198** | **597.936** | **597.936** | 12 | 12 |
| 20 | Данок од добивка | (7.667) | (7.667) | (4.751) | (4.751) | 62 | 62 |
| 21 | **Нето добивка/загуба по оданочување** | **5.090.531** | **5.090.531** | **593.185** | **593.185** | 12 | 12 |
| 22 | Малцински интерес | - | - | - | - | - | - |
| 23 | **Нето добивка/загуба за финансиската година** | **5.090.531** | **5.090.531** | **593.185** | **593.185** | 12 | 12 |

Македонски Телеком

**Николај Бекерс**

**Главен извршен директор**



Македонски Телеком АД - Скопје
Адреса Орце Николов бб, 1000 Скопје, Р. Македонија
Контакт Телефон: +389 2 3100 200 ; Факс: +389 2 3100 300; Контакт центар 171
e-mail: kontakt@telekom.mk; www.telekom.mk
ЕМБС 5168660

Македонски Телеком АД Скопје
Орце Николов 66, 1000 Скопје

## АНАЛИЗА НА НЕКОНСОЛИДИРАНАТА ОПЕРАТИВНА ДОБИВКА/ЗАГУБА ПО ПРИРОДАТА НА ТРОШОЦИТЕ СПОРЕД МСФИ

| | | | |
|---|---|---|---|
| Друштво | Македонски Телеком АД Скопје | | |
| Период на известување | Прво тримесечје од 2010 година | Матичен број | 5168660 |

(во илјади денари)

| Р.Б. | Позиција | Претходна година | | Тековна година | | Индекси | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | кумулативно од почетокот на годината | тековно тромесечие | кумулативно од почетокот на годината | тековно тромесечие | во однос на претходна година | во однос на претходно тромесечие |
| 1 | Приходи од продажба | 2.193.398 | 2.193.398 | 1.976.820 | 1.976.820 | 90 | 90 |
| 2 | Останати оперативни приходи | 73.463 | 73.463 | 113.509 | 113.509 | 155 | 155 |
| 3 | Набавна вредност на продадените стоки и услуги стоки | (113.975) | (113.975) | (102.573) | (102.573) | 90 | 90 |
| 4 | Промени на залихите на готови производи и производството во тек | - | - | - | - | - | - |
| 5 | Потрошени суровини, материјали и ситен инвентар | (15.947) | (15.947) | (12.220) | (12.220) | 77 | 77 |
| 6 | Исправка на вредноста | (30.763) | (30.763) | (13.761) | (13.761) | 45 | 45 |
| 7 | Трошоци за вработените | (255.035) | (255.035) | (261.094) | (261.094) | 102 | 102 |
| 8 | Трошоци за продажба | (462.625) | (462.625) | (461.123) | (461.123) | 100 | 100 |
| 9 | Трошоци за услуги од други | (713.394) | (713.394) | (689.113) | (689.113) | 97 | 97 |
| 10 | Останати оперативни расходи | (19.930) | (19.930) | (22.330) | (22.330) | 112 | 112 |
| 11 | ОПЕРАТИВНА ДОБИВКА / ЗАГУБА | 655.192 | 655.192 | 528.115 | 528.115 | 81 | 81 |

Македонски Телеком АД за електронски комуникации - Скопје

Николај Бекерс
Главен извршен директор



Македонски Телеком АД - Скопје
Адреса Орце Николов 66, 1000 Скопје, Р. Македонија
Контакт Телефон: +389 2 3100 200 ; Факс: +389 2 3100 300; Контакт центар 171
e-mail: kontakt@telekom.mk; www.telekom.mk
ЕМБС 5168660

Македонски Телеком АД за електронски комуникации - Скопје
Број 01 - 18768/1
Датум 30-04-2010

Македонски Телеком АД - Скопје
Орце Николов 6б, 1000 Скопје

До: Комисија за хартии од вредност на РМ
Ул . Димитрија Чуповски бр 26 1000 Скопје

Датум: 30.04.2010 година

0 999468 100004

# ИЗЈАВА

Во согласност со Законот за хартии од вредност на РМ како и подзаконската регулатива, јас Николај Бекерс на функција Главен извршен директор во Македонски Телеком АД - Скопје, потврдувам дека доставените финансиски извештаи за првото тримесечје од 2010 година се точни и вистинити.

*На 13 февруари 2006 година, Magyar Telekom Plc., доминантниот сопственик на Друштвото, (преку Каменимост Комуникации АД - Скопје (во ликвидација), мнозински сопственик на Друштвото), објави дека е вршена истрага на одредени договори склучени од друга подружница на Magyar Telekom Plc., со цел да се утврди дали договорите биле склучени во спротивност на политиките на Magyar Telekom Plc.или важечките закони или регулативи. Одборот за ревизија на Magyar Telekom го ангажира White & Case како свој независен правен советник за целите на спроведувањето на интерната истрага. Последователно на ова, на 19 февруари 2007 година, Одборот на директори на Друштвото, врз основа на препораката на Одборот за ревизија на Друштвото и Одборот за ревизија на Magyar Telekom Plc. донесе одлука за спроведување на независна интерна истрага во однос на одредени договори во Македонија.*

*Дополнителни информации во врска со интерната истрага се содржани во финансиските извештаи на Друштвото за годината што завршува на 31 декември 2008 година.*

*Според информациите што му беа доставени на друштвото од страна на Magyar Telekom Plc. на 2 декември 2009 година, Одборот за ревизија на Magyar Telekom Plc., на Одоборот на директори на Magyar Telekom му достави „Извештај за Истрага до Одборот за ревизија на Magyar Telekom Plc." од 30 ноември 2009 година (во понатамошниот текст „Финален Извештај"). Одборот за ревизија посочи дека истиот смета дека, со подготовката на Финалниот извештај, врз основа на фактите достапни во моментот, White & Case ја заврши својата независна интерна истрага.*

*Според информациите доставени до Друштвото од страна на Magyar Telekom Plc., Финалниот Извештај ги вклучува следните наоди и заклучоци поврзани со македонските подружници на Magyar Telekom, врз основа на доказите што му беа достапни на Одборот за ревизија на Magyar Telekom Plc. и неговиот правен советник:*

- *Како што беше претходно објавено, постојат докази дека одредени поранешни вработени намерно уништиле документи поврзани со активностите преземени во Македонија од страна на Magyar Telekom Plc. и неговите подружници.*
- *Во периодот помеѓу 2000 и 2006 година, мала група на поранешни членови на извршниот менаџмент на Magyar Telekom и македонските подружници на Magyar Telekom одобриле издатоци од приближно ЕУР 24 милиони , преку повеќе од 20 сомнителни договори за консултантки услуги, за лобирање и други договори (вклучувајќи и одредени договори помеѓу Magyar Telekom и неговите подружници од една страна и подружници на консултантска компанија со седиште во Кипар од друга страна). Финалниот извештај заклучува дека "достапните докази не утврдуваат дека договорите според кои се направени овие издатоци биле легитимни".*
- *Доказите покажуваат дека, спротивно на нивните услови, одреден број од овие договори биле склучени за да се стекнат конкретни регулаторни и други придобивки од Владата на Македонија. Друштвата генерално ги добиле бараните придобивки и потоа направиле издатоци врз основа на еден или повеќе од сомнителните договори. Постојат докази дека останатите договори биле исто така нелегитимни и креирале фонд на средства коишто биле достапни за други цели, а не за оние што биле утврдени во*



Македонски Телеком АД - Скопје
Адреса Орце Николов 6б, 1000 Скопје, Р. Македонија
Контакт Телефон: +389 2 3100 200 ; Факс: +389 2 3100 300; Контакт центар 171
e-mail: kontakt@telekom.mk; www.telekom.mk
ЕМБС 5168660

*делокругот на договорите.“ Меѓутоа, правниот советник на Одборот за ревизија на Magyar Telekom немал пристап до доказите коишто би му овозможиле да ги идентификува крајните корисници на овие издатоци.*

- *При склучувањето на овие договори и одобрувањето на издатоците според истите, поранешните членови на извршниот менаџмент свесно предизвикале, структурирале или одобриле трансакции коишто претежно или целосно ги имале следниве заеднички карактеристики:*
    - *намерно заобиколување на внатрешните контроли;*
    - *лажни и што наведуваат на погрешни заклучоци корпоративни документи и записи;*
    - *недостаток на длабинска анализа и на следење на извршувањето на работата на изведувачите и застапниците во околности со висок ризик за корупција; недостаток на докази за извршувањето на работата; и*
    - *издатоци коишто не биле за целите наведени во договорите според коишто истите биле направени, туку биле наменети за добивање на користи за подружниците на Magyar Telekom коишто би можеле да бидат доделени само со посредство на Владата.*
- *Во Финалниот извештај е наведено дека „Истрагата не откри докази коишто укажуваат дека кои било македонски владини претставници или претставници на политичка партија примиле плаќања.“*

*Како што беше објавено претходно, Magyar Telekom презеде корективни чекори со цел да ги реши прашањата претходно идентификувани со независната истрага, вклучувајќи и чекори наменети за ревидирање и подобрување на внатрешните контроли на Групацијата Magyar Telekom. Според информациите доставени до Друштвото од страна на Magyar Telekom, Одборот за ревизија на Magyar Telekom нема дадено препораки во однос на програмата за усогласеност или внатрешните контроли на Magyar Telekom во врска со издавањето на Финалниот извештај и Magyar Telekom, во консултација со својот Одбор за ревизија, разгледува дали и до кој степен Финалниот извештај ќе предизвика дополнителни корективни дејствија, вклучувајќи и какви било дејствија во однос на вработените и/или промени на политиките и процедурите за внатрешна контрола во Маѓар Телеком или неговите подружници коишто биле или ќе бидат имплементирани со цел да се постапи со наодите од Финалниот извештај.*

*Во врска со издавањето на Финалниот извештај и информациите доставени до Друштвото од страна на Маѓар Телеком, во јануари 2010 година Претседателот на Одборот на директори на Друштвото побара правна и даночна експертиза од трета страна за проценка на потенцијалните сметководствени и даночни импликации што произлегуваат од трансакциите извршени од Друштвото и неговата подружница кои се предмет на Финалниот извештај.*

*Надворешните експерти изготвија извештаи (во понатамошниот текст: „Извештаите“) за нивната проценка и ги доставија Извештаите до Претседателот на Одборот на директори на Друштвото и до Менаџментот на Друштвото и неговата подружница, соодветно. Како резултат, врз основа на анализата на даночните и правните експерти и информациите што му беа достапни на Менаџментот во врска со трансакциите предмет на Финалниот извештај, беше идентификуван износ од МКД 248.379 илјади како потенцијално даночно влијание (заедно со поврзаната казнена камата) што произлегува од трансакциите спроведени од страна на Друштвото и неговата подружница коишто се предмет на Финалниот извештај (види белешка 1.2.2). Исто така, вредноста на еден договор од МКД 105.147 илјади капитализирана во рамките на сопствените акции е корегирана како да овие плаќања биле прикажани како трошок во 2006 година отколку како капитализирани во рамките на сопствените акции како што беа првично известени. Другите договори што се идентификувани во Финалниот извештај и извештаите изготвени од даночните и правните експерти во врска со трансакциите извршени од страна на Друштвото и неговата подружница биле прикажани како трошок во поврзаните периоди (2001-2007 година), за кои не е потребно повторно прикажување.*

*Во мај 2008 година, Министерството за внатрешни работи (МВР) на Република Макеодонија („РМ“) до Друштвото поднесе официјално писмено барање за информации и документација во однос на одредени плаќања за консултантски услуги и авансна дивиденда, како и одредени набавки и договори. Во јуни 2008 година, Друштвото достави копии од побараните документи. Во истиот период, Т-Мобиле Македонија исто*



Македонски Телеком АД - Скопје
Адреса Орце Николов 6б, 1000 Скопје, Р. Македонија
Контакт Телефон: +389 2 3100 200 ; Факс: +389 2 3100 300; Контакт центар 171
e-mail: kontakt@telekom.mk; www.telekom.mk
ЕМБС 5168660

*така доби слични барања за доставување на одредена документација до Министерството за внатрешни работи на РМ којшто беше уредно доставена.*

*Во октомври 2008 година, Истражниот судија од Основниот суд Скопје 1 - Скопје (кривичен суд) му издаде официјален писмен налог на Друштвото да предаде одредена оригинална документација. Подоцна, во октомври 2008 година, Друштвото официјално и лично ја предаде побараната документација. Од МВР беа доставени дополнителни писмени барања, при што Друштвото ја обезбеди побараната документација.*

*Врз основа на јавни информации достапни од 10 декември 2008 година имаме сознанија дека Оделот за Организиран Криминал при МВР ги предал досиеата на канцеларијата на Основното јавно обвинителство за организиран криминал и корупција со предлог да се покрене кривична постапка против Attila Szendrei (поранешен Главен извршен директор на Македонски Телеком АД - Скопје), Rolf Plath (поранешен Главен финансов директор на Македонски Телеком АД - Скопје), Mihail Kefaloyannis (поранешен член на Одборот на директори во Каменимост и поранешен член на одборот на директори во Телемакедонија) и Zoltan Kisjuhász (поранешен Главен извршен директор на Каменимост и поранешен неизвршен член на Одборот на директори на Македонски Телеком АД - Скопје) поради основано сомнение за извршено кривично дело. За овие лица се предлага да бидат обвинети за „злоупотреба на службена должност и овластувања" на нивните позиции во Македонски Телеком АД - Скопје преку склучување на договори за консултантски услуги во однос на коишто немало намера ниту пак потреба од какви било услуги за возврат.*

*Основниот суд Скопје 1 во Скопје, Истражен оддел за организиран криминал достави покана до Друштвото во врска со кривичните пријави против претходно наведените лица и побара изјава дали Друштвото претрпело какви било штети како резултат на наведените договори за консултантски услуги.*

*По неколку одложувања на судското рочиште за истражната постапка што се води при Основниот Суд Скопје 1 Скопје, на рочиштето одржано на 13 април 2009 година, претставниците на Македонски Телеком АД - Скопје го презентираа ставот на Друштвото дека земајќи ја предвид тековната независна интерна истрага спроведувана од страна на White&Case, а одобрена од страна на Одборот на директори на Друштвото, прерано е да се најави каква било штета којашто би можела да биде причинета со спроведувањето на наведените договори или во врска со нив. По завршувањето на независната интерна истрага, Друштвото ќе го извести судот за својот конечен став во однос на евентуалната штета и кривичното гонење на обвинетите лица. На ден 09.04.2010 година, МКТ доби известување од страна на Бирото за судски вештачења, дека врз основа на Наредба на Основниот суд Скопје 1, определено е Бирото да изврши вештачење по предметот КИОК бр.66/08. Вештачењето беше планирано да се изврши на ден 16.04.2010 година.По барање на Адвокатот на г-дин Kefaloyannis, вештачењето е одложено за 11ти Мај, 2010 година.*

*Претседателот на Одборот на директори на Друштвото и Менаџментот на Друштвото добија информација дека содржината на Финалниот извештај му била ставена на располагање и на македонското Јавно обвинителство. Менаџментот на Друштвото не може да предвиди дали македонското Јавно обвинителство ќе покрене каква било правна постапка ниту пак може да го предвиди видот и делокругот на правните дејствија врз основа на информациите содржани во Финалниот извештај.*

*Немаме сознанија за било какви информации како резултат на барања од било кое регулаторно тело или други надворешни страни, од кои би можеле да заклучиме дека финансиските извештаи може да бидат неточни, вклучувајќи го и ефектот од можни незаконски дејства.*

Николај Бекерс
Главен извршен директор

Македонски Телеком АД за електронски комуникации - Скопје